# ИГРАЛИШТЕТО НА ЧИЧКО ЃОРЃИ

## КОЛЕКТИВНОТО ДОМУВАЊЕ ЗА ДЕЦА

Влатко П. Коробар · Роберто Гојколеа · Инес Л. Родригез · Паз Нуњез




COST
EUROPEAN COOPERATION IN SCIENCE & TECHNOLOGY

European Middle Class Mass Housing
CA18137

Macedonian edition

European
Middle Class
Mass Housing
CA18137

# ИГРАЛИШТЕТО НА ЧИЧКО ЃОРЃИ

## КОЛЕКТИВНОТО ДОМУВАЊЕ ЗА ДЕЦА

Влатко П. Коробар · Роберто Гојколеа · Инес Л. Родригез · Паз Нуњез

iscte UNIVERSITY INSTITUTE OF LISBON

Оваа публикација се темели врз работата во рамките на COST-акцијата CA 18137, поддржана од COST (Европската соработка во науката и технологијата).

COST (Европска соработка во науката и технологијата) е агенција за финансирање на истражувачки и иновативни мрежи. Нашите акции помагаат да се поврзат истражувачки иницијативи ширум Европа и да им се овозможи на научниците да ги развиваат своите идеи, споделувајќи ги со своите колеги. Преку тоа се поттикнуваат нивното истражување, кариера и иновативност.
www.cost.eu

cost EUROPEAN COOPERATION IN SCIENCE & TECHNOLOGY

# КАКО ДА СЕ КОРИСТИ **КНИГАТА**

European
Middle Class
Mass Housing
CA18137

## ЗА КНИГАТА

Книгата ги опишува доживувањата на Марко, чичко Ѓорѓи и нивните соседи, луѓе што би можеле да живеат во кој било пример на колективно домување* прикажано на цртежите. Преку овие ликови, сакаме за младите читатели (но и за нивните родители, учители, баби и дедовци...) да создадеме претстава за тоа каков е овој урбан архитектонски и социјален феномен, обезбедувајќи општа слика претставена преку различните маала разместени низ различни европски градови, каде што живеат многумина од нас... а и нашите деца, исто така.

Истрајноста на Влатко и Инес, да направат книга за деца како еден од резултатите на COST- акцијата (CA 18137), доведе до првата работна верзија на приказната. Роберто се понуди да ја илустрира, избирајќи определени маала анализирани во рамките на акцијата, а Паз придонесе за делови од книгата во нејзината ревидирана форма.

Авторите сакаат да ја изразат својата благодарност до осумгодишната Сара, која беше стрплива да ја прочита приказната и да ни укаже на места што не ги одразуваат односот и начинот на гледање на децата. Книгата, која започна како едноставна приказна, постепено прерасна во приказна/игра/прирачник што го гледате – едукативна игра за оние што сакаат да го извлечат максимумот од неа.

Во делот означен со (А), бројот се однесува на цртеж на комплекс за колективно домување, сличен на оној во кој се случуваат настаните во книгата. Обидете се да погодите од кој град и од која земја е прикажаниот пример. Одговорите се на крајот на книгата.

Под секој цртеж се наоѓа текст (B) што упатува на тоа од кој град и од која земја доаѓа примерот прикажан на цртежот.

За оние што сакаат да знаат малку повеќе за колективното домување, секој цртеж има свој QR-код (C), кој ќе ве однесе до повеќе информации за комплексот за домување прикажан на цртежот.

*Терминот „колективно домување“ се користи во секојдневниот говор, иако ваквите станбени комплекси во стручната терминологија се означуваат со терминот „повеќесемејно домување во станбени згради“ Сепак, во книгата ќе го користиме терминот колективно домување.



## ОТКАКО ЌЕ ЈА ПРОЧИТАТЕ КНИГАТА

На крајот на книгата, можете да ги пронајдете истите цртежи застапени во неа, но прикажани како црно-бели.

Зошто да не ги обоите, било на вашиот таблет или прво да ги отпечатите, а потоа да ги оживеете со бои по сопствен избор? Можете дури и да додадете сè што сметате дека ќе го направи маалото попријатно место за живеење!

На крајот, исто така, ќе најдете линк до верзија на книгата за печатење, доколку сакате да имате сопствен печатен примерок. Можете да го составите дома!

Откако сте го обоиле цртежот (било дигитално или рачно), доколку сакате, можете да го испратите на mcmh.eu@gmail.com и тој да стане дел од колекцијата на детски цртежи на COST-акцијата MCMH-EU.



**КОМПЛЕКСИТЕ ЗА КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ**

На почетокот од втората половина на минатиот век, градовите во Европа се зголемуваа многу бргу, првенствено со нови жители што доаѓаа однадвор. Овој раст на бројот на жители ја предизвика потребата да се обезбедат доволно станови во кои ќе живеат. Решението на проблемот беше изградба на голем број различни типови станбени згради. Кога тие згради почнаа да се градат блиску една до друга, формираа заедници што имаа потреба не само од станови, туку и од продавници, градинки, училишта, игралишта и површини со зеленило.

На тој начин, овие заедници стануваа мали, делумно самодоволни гратчиња во рамките на градот. Изградбата на голем број згради со станови во краток временски период, кои требаше да обезбедат домови за многу жители, стана позната како „колективно домување“.

Не секогаш овие станбени комплекси беа успешни или посакувани места за живеење. Со текот на времето некои беа заменети со нови згради. Но, некои беа толку успешни што станаа препознатливи делови од градовите. Тие станаа сведоци на едно време во кое масовната изградба на згради со голем број станови за нови жители, или т.н. колективно домување, беше преовладувачката форма на станбена изградба.

Разбирливо, потребите на жителите се менуваат со текот на времето и многу од овие комплекси се изменети, реновирани и дополнети со нови содржини. Секогаш е добро кога во ваквото менување се вклучени самите жители, зашто нивните потреби никој не ги знае подобро од нив самите.

Проучувањето на појавата на овие станбени комплекси и нивната сегашна состојба беше цел на COST-акцијата CA 18137.



1 Пример за колективно домување од вториот по големина град во најјужната земја на Балканскиот Полуостров.

European
Middle Class
Mass Housing
CA18137

# КОЛЕКТИВНОТО ДОМУВАЊЕ ЗА ДЕЦА

# ИГРАЛИШТЕТО НА ЧИЧКО ЃОРЃИ

Се викам Марко и живеам во дел од градот со многу станбени блокови и кули. Живееме на петтиот кат во една од големите станбени кули.



2 Пример за колективно домување од главниот град на една мала земја на Балканот, која нема излез на море.

Многу одамна, станот им припаѓал на баба ми и дедо ми, а пред извесно време беше реновиран и целата фасада беше обновена. Во нашето маало има уште две станбени кули како нашата. Кулите си личат една на друга, но не и луѓето што живеат во нив.

Одам во основното училиште што не е далеку од нашата зграда. Многумина од моите школски другари живеат во мојата зграда. Познавам некои момчиња и девојчиња од двете соседни кули, кои одат во истото училиште, но главно се дружам со моите пријатели од нашата кула.

Имаме заедничка група на една од социјалните мрежи и секој ден се допишуваме. Не можам точно да кажам дали повеќе време поминувам во пишување на домашните задачи или во допишувањето.



Преку ден многу време поминувам во креветот со мобилниот или таблетот в рака и со купче благи работи. Од неодамна, малку сум подебел од порано. Претпоставувам затоа ме викаат Буцко. Тоа воопшто не ми се допаѓа.

3 Пример за колективно домување од вториот по големина град во една земја во Централна Европа, на источната граница на Европската Унија, која била главен град на земјата до крајот на XVI век.

Вчера, Ахмед од вториот кат доби подарок од братучед му. „Вистинска“ професионална фудбалска топка. Ахмед предложи утре по часовите да играме фудбал на блиската ливада, што сите ја користевме, но никој вистински не се грижеше за неа.



Кога следното попладне отидовме таму, се изненадивме колку е висока тревата.

4 Пример за колективно домување од еден пристаништен град, кој е најголем во државата, иако не е нејзин главен град. Но, затоа е познат како главен град на трговијата со дијаманти.

Беше навистина тешко да се игра фудбал, па набргу се откажавме. Како што се приближувавме кон нашата кула, човекот што живееше на приземје, со бавча пред својот стан, нè запре. Го викавме чичко Ѓорѓи. Беше многу добар. Живееше со својата внука Сара, која беше во инвалидска количка. Чичко Ѓорѓи ни рече дека нè видел како залудно се обидуваме да играме фудбал и дека би можел да ни помогне околу тревата. Рече: „Утре е сабота, не сте на училиште, па бидете овде во десет часот изутрина“.



Следниот ден, во десет часот, сите бевме пред кулата. Чичко Ѓорѓи дојде со својата косилка, нè погледна и рече:

„Сте се облекле како за на концерт. Одете дома, најдете стари алишта, донесете гребла, зашто јас имам само едно и ископајте од некаде заштитни ракавици. Ах, да, не заборавајте да ја заштитите и главата.“

5 Пример за колективно домување во главниот град на една земја во Југоисточна Европа, која на север се граничи со рекатa Дунав.

Кога се вратившме, не можевме да се препознаеме – разнобојна дружина готова да започне со „градинарство“. Потребни беа неколку часа за да ја искосиме тревата и да ја собереме во големи вреќи за екоотпад. Сара ни помагаше во пренесувањето на вреќите.

Игралиштето беше подготвено за првиот фудбалски натпревар во нашето маало. Ни требаше одмор по напорната работа, па се договоривме да играме в недела во единаесет часот. Се договоривме и Сара да ни се придружи во натпреварот, а чичко Ѓорѓи вети дека ќе биде првиот што ќе дојде да нè гледа.



6 Пример за колективно домување во вториот по големина град на брегот на полуостровот Јитланд. Тој е еден од најстарите градови во Скандинавија.

Во неделата, дури и пред единаесет часот, сите бевме пред кулата, подготвени за натпревар. Се поделивме во два тима по петмина. Ги обележавме стативите со големи камења, но тоа предизвика големи караници, дали голот е постигнат или топката отишла превисоко и слично. За да ја смири работата, чичко Ѓорѓи се понуди да биде судија. Мојот тим изгуби. Навистина не беше важно, зашто сите бевме среќни што го одигравме првиот натпревар во нашето маало. Зачудувачки е како малите нешта, како што е косењето трева, можат да направат голема промена.

Додека игравме, забележавме неколку деца од другите две кули што дојдоа да нѐ гледаат. Двајца од нив беа од моето училиште, а јас дури и не знаев дека сме комшии. Штом завршивме со играта, едниот од нив накратко го снема, а потоа се појави со топка.



7 Пример за колективно домување во источниот дел на најголемата земја без излез на море на Балканот. Во градот се наоѓа еден од најголемите рудници на бакар во Европа.

Заминувајќи, ги слушнавме како се караат за истата работа: дали е гол или не. Чичко Ѓорѓи ни рече дека треба да размислиме како да го решиме овој проблем, затоа што ќе си го расипеме другарството расправајќи се околу головите. Беше во право, затоа решивме да најдеме начин како да купиме два помали гола.

Во блискиот трговски центар, додека јадевме сладолед, решивме да собираме пари за да ги купиме головите.

Секој од нас учествуваше со својот џепарлак, а и нашите родители учествуваа во овој потфат. За многу кратко време успеавме да собереме доволно пари за да го купиме потребниот материјал за головите што сакавме сами да ги направиме.



Еден од нашите соседи, Киро, кој има своја работилница во нашето маало, многу ни помогна. Тој го заврши најголемиот дел од работата, а ние придонесовме со бојадисување на головите, прицврстување на мрежите и други поситни работи.

Крајот на учебната година се приближуваше. Одлучивме да организираме турнир и да ги поканиме нашите родители. Го поканивме чичко Ѓорѓи да ни биде почесен гостин на турнирот. Тој прифати не криејќи го задоволството. Седејќи на својот стол во бавчата, нè покани да му се придружиме и нè почести со ладен сок.



Тој сакаше да ни каже нешто. Рече: „Видовте ли колку постигнавте со само еден прост зафат? Го променивте нашето маало. Не запирајте тука. Морате да направите повеќе“. Го прашавме: „Што да направиме следно?“ Рече: „Е, за тоа треба вие сами да одлучите. Затоа, почнете да размислувате!“

На последниот ден од учебната година, сите ние што редовно го користевме игралиштето се собравме за да почнеме со подготовките на турнирот.



9 Пример за колективно домување во главниот град на најголемата земја на Иберискиот Полуостров.

Првата работа на која ни текна беше да направиме постери и да ги поканиме сите станари од маалото на фудбалски пикник. Поставивме голем постер на влезот на училиштето. Јован од соседната кула предложи да го крстиме игралиштето по чичко Ѓорѓи, за да стане место со име: „Игралиштето на чичко Ѓорѓи“.




Се договоривме да направиме голема табла со новото име на игралиштето и без да знае чичко Ѓорѓи, да ја откриеме пред почетокот на турнирот. Сакавме тоа да биде изненадување.

10 Училишна зграда во комплекс со колективно домување во град во земјата на насипи и лалиња, за кој често се употребува изразот „Венеција на Северот“.



Зборовите на чичко Ѓорѓи, дека треба да направиме повеќе, постојано ни беа на ум.

Под тремот на зградата на Ахмед, се собравме за да се договориме која би била нашата следна акција, но ништо не ни изгледаше доволно добро. Одеднаш, Сара предложи нешто што ни се допадна на сите. Таа рече дека иако имаме добри предлози, всушност, не знаеме со сигурност што му треба на нашето маало. За да дознаеме, треба да прашаме.

11 Пример за колективно домување во вториот по големина град во земјата, сместен на бреговите на реката Мура и познат како универзитетски град.

Фудбалскиот пикник беше вистинскиот момент да собереме различни мислења. Затоа одлучивме да направиме анкета со само едно прашање: „Што би го направило нашето маало подобро место за живеење?“

Дојде и големиот ден. Беше недела. Не знаевме што да очекуваме, но сѐ беше многу подобро од нашите очекувања. Соседите постојано пристигнуваа. Доаѓаа цели семејства со камп-столчиња и маси за своите пијалаци и грицки.

Небаре сите чекале причина да се соберат. Ние им ја поделивме анкетата и замоливме да ги напишат сите работи на кои ќе се сетат, а ливчињата да ги стават во кутијата што ја подготвивме.




12 Јавен простор во комплекс за колективно домување во главниот град на земја сместена на Иберискиот Полуостров, која има долг брег покрај Атлантскиот Океан.





Чичко Ѓорѓи дојде со својот стол од бавчата, облечен во свечени алишта. Беше вистински трогнат кога ја откривме таблата на која стоеше неговото име. Некои од соседите го сретнуваа првпат, но сите сакаа да разговараат со него и да му изразат благодарност за сè што направи за нас.

Потоа турнирот започна. Тимовите ги нарековме според различните бои на балконите на нашите згради, што беше единственото нешто по кое се разликуваа меѓу себе. Ние бевме Сини. Другите два тима беа Црвени и Зелени. На првиот натпревар игравме против Црвените. Победивме со 3:2. Потоа игравме против Зелените и изгубивме со 3:2. Последниот натпревар требаше да го одлучи победникот на турнирот. Црвените играа против Зелените и победија со 3:2.



Немаше победник на турнирот. Сите имавме ист број бодови. Тоа воопшто не нè загрижи. Уживавме во натпреварите, а и соседите што дојдоа да гледаат уживаа исто така. Фудбалскиот пикник траеше уште долго по завршувањето на турнирот. Еден од родителите го фотографираше нашиот тим со чичко Ѓорѓи.

13 Пример за колективно домување во земја на Блискиот Исток, во град што се протега по должината на брегот на Медитеранот и претставува економски и технолошки центар на земјата.

Следниот ден се собравме да ја отвориме кутијата со одговорите на нашето анкетно прашање. Се изненадивме колку беше полна. Уште поизненадени бевме од одговорите. Имаше многу работи што никогаш не би ни паднале на памет. Еве неколку од одговорите:

- да се поправи дрвената платформа која ја користиме за различни активности
- турнирот да стане традиционален и тоа не само за деца туку и за возрасни
- да се обнови бојата на ракофатите пред зградите
- да се направат бавчи на неколку места помеѓу зградите
- да додадеме повеќе канти за отпадоци и да го чуваме нашето маало чисто
- да се поправи кошот на игралиштето за кошарка што со години не се користи
- да се обезбедат натстрешници за велосипеди пред секоја зграда
- да се обноват постојните рампи за колички.



Жителите сè уште можат да го дополнуваат списокот.

Во меѓувреме, започнавме со работа на првата бавча помеѓу зградите.

14 A mass-housing development in the capital of a country which is spread over two continents, namely Europe and Asia.

Сите од нашиот тим ја добивме фотографијата со чичко Ѓорѓи. Ја ставив на ѕидот покрај мојот кревет. Сè уште поминувам многу време в кревет, со мобилниот в рака се допишувам со другарите, но нашите разговори се разликуваат од претходно. Најчесто разговараме за следното што ќе го направиме од списокот што произлезе од нашата анкета. Да не ме сфатите погрешно, се разбира дека се допишуваме и за други работи!



15 Пример за колективно домување во град, лоциран во центарот на историскиот регион Трансилванија, распослан на обата брега на реката Муреш.



Често размислувам за Ахмед и за неговиот фудбал од кој започна сè. Сега сме многу поинакво и подобро маало од порано. Честопати, малите нешта водат кон големи промени. Чичко Ѓорѓи и ние од „сината“ кула, со помош и на другите жители, успеавме да го покажеме тоа.

И знаете што? Повеќе не ме викаат Буцко.

# ЦРТЕЖИ ЗА БОЕЊЕ

МОЖЕШ ДА ГИ ОБОИШ
НА ТВОЈОТ ТАБЛЕТ ИЛИ
ДА ГИ ОТПЕЧАТИШ
И ДА ГИ ОБОИШ СО
БОИЧКИ, ФЛОМАСТЕРИ,
ВОДЕНИ БОИ...

**ЗАБАВУВАЈ СЕ!**

АКО САКАШ ДА БИДЕШ ДЕЛ
ОД МСМН-ТИМОТ, ИСПРАТИ НИ
ЦРТЕЖ НА Е-АДРЕСАТА:

mcmh.eu@gmail.com

# ГРЦИЈА

## СОЛУН



© цртеж Роберто Гојколеа



**| Обоил:** |Град (земја): | Датум:

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## СКОПЈЕ



© цртеж Роберто Гојколеа

# ПОЛСКА

## КРАКОВ



© цртеж Роберто Гојколеа

# БЕЛГИЈА

## АНТВЕРПЕН



© цртеж Роберто Гојколеа

# БУГАРИЈА

## СОФИЈА



© цртеж Роберто Гојколеа

# ДАНСКА

## АРХУС



© цртеж Роберто Гојколеа

# СРБИЈА

## БОР



© цртеж Роберто Гојколеа

# ГЕРМАНИЈА

## ФРАНКФУРТ



© цртеж Роберто Гојколеа

 **| Обоил:** | Град (земја): | Датум:

# ШПАНИЈА

## МАДРИД



© цртеж Роберто Гојколеа

# ХОЛАНДИЈА

## АМСТЕРДАМ




© цртеж Роберто Гојколеа

# АВСТРИЈА

## ГРАЦ



© цртеж Роберто Гојколеа

# ПОРТУГАЛИЈА

## ЛИСАБОН




© цртеж Роберто Гојколеа

# ИЗРАЕЛ

## ТЕЛ АВИВ



© цртеж Роберто Гојколеа

# ТУРЦИЈА

## АНКАРА



© цртеж Роберто Гојколеа

 | Град (земја): | Датум:

# РОМАНИЈА

## ТАРГУ МУРЕШ



© цртеж Роберто Гојколеа

**За да ја отпечатите книгата:**

Ако сакате да имате печатена
верзија на книгата,
можете да ја отпечатите со
преземање на следниов фајл:

Верзија на книгата за печатење

ISBN: 978-989-781-899-8

Концепт: Инес Л. Родригез и Роберто Гојколеа

Приказна: Влатко П. Коробар

Цртежи: Роберто Гојколеа

Графичка подготовка: Инес Л. Родригез и Паз Нуњез

Лектура: Сузана В. Спасовска

Издавач: ©2024 ISCTE-IUL

# Следете нè на:

European
Middle Class
Mass Housing
CA18137

Оваа книга или кој било нејзин дел не смее да се употребува на кој било начин без претходна писмена дозвола од издавачот, освен за кратки наводи при осврт на книгата.

Членови на COST-акцијата CA 18137, кои би сакале да ја преведат книгата на својот мајчин јазик, можат да го направат тоа без претходна дозвола, под услов преведената верзија на книгата да биде објавена на веб-страницата на CA 18137 и понатаму да не се употребува на кој било начин.

Оваа книга е издадена како дел од CA 18137 *European Middle-Class Mass Housing [MCMH-EU]*, со поддршка на COST-асоцијацијата.

Во неа се користени делови од истражувањето спроведено од членовите на Работната група 1 во рамките на акцијата CA18137, објавено во книгата *European Middle-Class Mass Housing: Past and Present of the Modern Community*.

cost
EUROPEAN COOPERATION IN SCIENCE & TECHNOLOGY

Funded by the European Union

iscte UNIVERSITY INSTITUTE OF LISBON

dinamia 'cet_iscte

fct Fundação para a Ciência e a Tecnologia

European Middle Class Mass Housing CA18137